РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR
DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 18-911/1
04. 01. 2022 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Извештај**
**за извршен надзор на законитоста на работата од областа на животната средина на општина Чучер Сандево за 2021година**

Комисијата за вршење надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје формирана со Решение бр. 18-1092/2 од 16.02.2021 година, а врз основа и согласно Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје донесен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање со бр. 18-1092/1 од 16.02.2021 година, на ден 31.03.2021 година изврши надзор на законитоста на работата во општина Чучер Сандево.

Надзорот е извршен врз основа на претходна најава до општината Чучер Сандево од страна на министерството и тоа за следните области од законите за животна средина:

1. Постапка за одобрување на елаборати за животна средина
2. Постапка за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола
3. Надзор на надлежностите на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје од областа на управување со отпадот.
4. Надзор на надлежностите на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје од областа на заштита на водите.
5. Надзор на надлежностите на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје од областа на заштита од бучава во животната средина

Претставник на општината Чучер Сандево присутна при вршењето на надзорот беше Убавка Шкакарова.

*Во однос на првата точка од Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје која се однесува на спроведување на постапката за одобрување на елаборати за животната средина комисијата утврди дека:* во општина Чучер Сандево се спроведува постапката за одобрување на елаборати за заштита на животната средина истите се одобруваат согласно постапката и за нив се води евиденција согласно пропишаниот регистар, но при надзорот се увиде недостаток дека истото лице кое ги издава елаборатите е во исто време и инспектор за животна средина и ги инспектира правните лица и тоа распоредена на работно место Советник -комунален инспектор а назначена со “Решение за задолжение“ од 08.04.2021 година (после надзорот) на административен службеник без лиценца за инспектор и без положен испит за инспектор за животна средина, а исто така истото лице ги води и постапките за Б-интегрирани еколошки дозволи. Во систематизацијата нема систематизирано работно место ниту за животна средина ниту за инспектор за животна средина (задолжението е надвор од систематизацијата).Има само Инспектор за животна средина и комунални дејности.

*По однос на втората точка која се однесува на спроведување на постапката за издавање на Б интегрирани еколошки дозволи од страна на комисијата е утврдено*

*дека* согласно активностите кои произлегуват од Законот за животна средина општината ја спроведува постапката за издавање на Б интегрирани еколошки дозволи издадени се 3 дозволи и 2 во постапка.
Увиден е недостаток во однос на лицето кое ги води постапките за издавање на Б интегрирани еколошки дозволи дека лицето нема посебно овластување за издавање на дозволите но во исто време вработената е распоредена на работно место општински комунален инспектор, инспектор за животна средина-со задолжение, лице задолжено за издавање на елаборати за животна средина и лице кое е задолжено да работи на целокупната материја во животната средина.

*По однос на обврските согласно Законот за животна средина :*

- Нема донесено ЛЕАП.
-Општината ја нема исполнето обврската согласно член 154 од ЗЖС, нема донесено надворешен план за вонредни состојби.
-Општината има донесено План за спроведување на инспекциски надзор за 2021 година.
-Има инспектор за животна средина и комунални работи кој не работи на животна средина и инспектор кој што ги врши работите во областа на животната средина но истиот нема лиценца за овластен инспектор за животна средина –задолжен е со Решение за работни задачи а распореден на работно место Општински комунален инспектор.
-Не доставуваат годишни извештаи за инспекциски надзор

Во однос на систематизација на работни места на општината во делот на животната средина, во текот на надзорот беше образложено дека општината има Одделение за урбанизам, комунални дејности,заштита на животната средина и локален економски развој каде што не е предвидено ниедно работно место од областа на животната средина и нема вработени лица што работат на материјата на животната средина но во одделението за инспекциски надзор има систематизирано работно место -овластен инсопектор за животна средина и комунални дејности кој не работи на областа на животна средина, но има издадено Решение за работни задолженија на лице вработено како овластен комунален инспектор за да ја покрива целосно областа на животна средина и како инспектор да постапува без лиценца за овластен инспектор за животна средина и да издава Б интегрирани еколошки дозволи и да одобрува елаборати и да работи на целосната материја и област -животна средина.
-Нема воспоставено катастер согласно член 42 и не доставува податоци до МЖСПП.

*Согласно третата точка од Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје од страна на комисијата е утврдено дека согласно прописите кои произлегуваат од Законот за управување со отпадот*

-Општината има донесено План за управување со отпад (2015-2019) од 2015 година кој е со изминат рок.

-Општината нема донесено годишна програма за управување со отпад согласно член 19 од ЗОУ

-Општината нема определено локациизa претоварни станици согласно член 37, собраниот комунален отпад на ЈКП “Скопска Црна гора “ се третирал на депонијата Дрисла

-Општината подготвува и доставува Годишен извештај за постапување со отпад до 31 март до секторот за отпад при МЖСПП, а правните лица доставуваат извештаи до општината до 31јануари

-Согласно член 43 од ЗОУ ЈКП Скопска Црна Гора го собира комуналниот отпад од правните и физички лица, не селекторан, измешан и истиот не се селектира поради немање на услови и опрема.

-На територијата на општината е формирано Јавно комунално претпријатие Скопска Црна Гора-с.Мирковци

-Согласно член 54 од ЗОУ -Градоначалникот на општината доставил до советот Предлог Одлука за определување на места за третман и отстранување на инертен отпад , но советот не ја донел Одлуката

-Општината нема основано депонија за неопасен и инертен отпад согласно член 80 став 2 од ЗОУ

-Општината не врши постојан локален мониторинг на состојбата на животната средина и влијанието врз здравјето и животот на лугето

-Нема организирано информативен система на во врска со неопасниот отпад согласно член 113

-Општината нема воспоставено регистер на загадувачи и не доставува податоци за одржување на Регистарот на загадувачки материи и супстанции и на нивни карактеристики до МЖСПП.

-Општината нема склучено договор со правно лице за (управување со отпад од пакување, отпад од батерии и акомулатори, управување со отпадна електрична и електронска опрема )

-Општината нема регистрирано правно лице кое поседува дозвола за самостојно постапување со отпад од пакување и не ја исполнила обврската на градоначалникот од член 26 од законот за управување со отпад од пакување

-Вршен е инспекциски надзор од лице без лиценца и тоа за член 129 став 1 и точка 11 и 15.

- Општината не овозможува остварување на правото на пристап до јавни информации и јавно учество во донесувањето одлуки во областа на отпадот.

*Согласно четвртата точка од Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината Чучер Сандево, од страна на комисијата е утврдено дека согласно прописите кои произлегуваат од Законот за водите:*

- Општината има обезбедено водни права т.е. дозволи за користење на вода за водоснабдување од повеќе водни тела, но ЈКП "Скопска Црна Гора" нема обезбедено дозвола за испуштање.

-Општината при издавање на Б интегрирани еколошки дозвола утврдува дали инсталацијата за активностите и дејностите за кои се издава дозвола за користење (член 26) и дозвола за испуштање (член 79) ги има прибавено од Министерство за животна средина и просторно планирање.

-Општината нема доставено одлука за потребата од определување на заштитни зони за водни тела од кои се користи вода за консумирање од страна на човекот и нема доставено Елаборат за определување на заштитни зони.

- Општината нема донесено предлог Програма за одведување, собирање и пречистување на урбаните отпадни води согласно член 114 од ЗВ.

-Општината нема донесено Програма за заштита од штетно дејство на водите согласно член 124.

- Општината нема донесено Оперативен план за заштита и одбрана од поплави, согласно член 116 од ЗВ.

- Општината секоја година до крајот на септември не врши проценка дали водотеците на подрачјето кое е под нивна надлежност се во состојба да предизвикат поплави на земјиштето, дали обезбедуваат непречен проток на водата и дали доколку водотеците не обезбедуваат непречен проток се преземат мерки од страна на општината согласно член 133 .

-Општината нема определено границите на ерозивното подрачје и подрачјето загрозено од ерозија, ги нема утврдено мерките и работите за заштита на земјиштето од ерозија и уредувањето на пороите, врз основа на техничка документација согласно член 135 од ЗВ како и не презема мерките за заштита на ерозивни подрачја согласно член 137 од ЗВ.

- Општината нема донесено Програма за мониторинг на водите согласно член 145 став 7 од ЗВ и не доставува податоци од мониторинг согласно член 156 ЗВ.

-Водата за пиење ја обезбедуваат преку водотеци и извори.Општината има основано јавно претпријатие ЈКП Комуналец Крива Паланка за вршење на дејноста и работењето и одржувањето на системите за водоснабдување и снабдувањето со вода за пиење согласно член 185.

Во прашалникот е одговорено дека е извршен инспекциски надзор во областа на водите.

*Согласно петата точка од Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината Чучер Сандево, од страна на комисијата е утврдено дека согласно прописите кои произлегуваат од областа на заштита од бучава во животната средина :*

- Општина Чучер Сандево не врши никакви мерења на бучава.

-Општината при издавање на одобренија за градба НЕ утврдуваат дали планските документи за објектот што се предмет за одобрение за градба ги исполниле посебните услови и мерки во врска со стандардите за заштита одбучава согласно член 23 од ЗЗБЖС, и дали води Катастар на создавачи на бучава согласно член 35 од ЗЗБЖС

-Општината не врши никакви обврски согласно законот за бучава.

**Врз основа на сето горенаведено комисијата за вршењето на надзорот ги увиде следниве недостацои кои е потребно општината да ги отклони и за тоа да го извести министерството, и даде неколку препораки:**

- Согласно утврдените недостатоци во систематизираните работни места и непостоење на ниедно систематизирано работно место од областа на животната средина а донесениот Нацрт заклучок на владата со кој беа задолжени сите општини да систематизираат работни места во својата општина, потребно е под итно да отпочнете постапка за измени и дополнувања на систематизација во која ке систематизирате работни места кои ке одговорат на обврските кои произлегуваат од законските прописи и да ги опфаќаат сите надлежности од областа на животната средина кои ги има општината, а кои произлегуваат пред се од Законот за животна средина, Законот за управување со отпадот, Законот за водите, Законот за заштита од бучавата во животната средина и останатите закони од областа на животната средина.

-Да се подготви ЛЕАП,

-Да се исполни обврската согласно член 154 од ЗЖС, и да се донесе надворешен план за вонредни состојби.

-Општината да донесе План за спроведување на инспекциски надзор и истиот да пшочне да се спроведува од страна на овластен инспектор за животна средина, вработениот под итно да отпочне постапка за добивање на лиценца и полагање на испит за инспектор.

- член 129 е потребно да почне да се применува т.е. овластениот инспектор да врши надзор и контрола во областа управување со отпад, и во обласата на водите.

-Да отпочне со примена на Законот за бучава и обврските кои произлегуваат за општината од тој закон.

*Во областа на отпадот:*

Општината да изготви План за управување со отпад и Програма з ауправување со отпад, истите да ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање,

Општината да пристапи кон систем на примарно селектрирање на комуналниот отпад, почнувајќи од домаќинствата.

Општината да одреди локација за третман и отсрнување на инертен отпад согласно урабинистички план.

Општината да отпочне со водење катастар за својата територија, каде ќе се евидентираат создавачите на неопасен отпад.

Општината да пристапи кон склучување на Договори со регистриран правни лица за колективно постапување со посебни текови со отпад (пакување, батерии и акумулатори и електрична и електронска опрема).

*Во областа на водите комисијата укажува на следниве недостаци кои е потребно да се отстранат:*

- Општината преку формираното јавно претпријатие ЈКП "Скопска Црна Гора" да прибави Дозвола за испуштање во води и испуштање и фрлање материи и супстанции во реципиентите согласно член 79 од ЗВ.
- Општината потребно е согласно член 96 став 2 од ЗВ да донесе Одлука за потребата од определување на заштитни зони за водни тела од кои се користи вода за консумирање од страна на човекот за кои не е донесена оваа одлука. Одлуките за потребата со барање и Елаборат за определување на заштитни зони потребно е да се достават до Министерство за здравство и Министерство за животна средина и просторно планирање за да согласно член 96 став 1 од ЗВ се изработи Предлог одлука за заштитни зони која ќе ја донесе Владата на РСМакедонија. По донесување на одлуките за заштитни зони од страна на Владата на РСМакедонија потребно е општината во урбанистичките планови на општината да ги прикажува картографски заштитните зони, согласно член 98 став 4 ЗВ.
- Потребно е општината да донесе Програма за одведување, собирање и пречистување на урбаните отпадни води согласно член 114 од ЗВ и да врши одведување и собирање на отпадните води што произлегуваат или се создаваат на нивното подрачје, вклучувајќи го и отстранувањето на тињата и да врши пречистување на отпадните води согласно член 113 од ЗВ. Исто така да ги исполнува обврските согласно член 116 и да обезбеди

ефлуентите од индустриските отпадни води коишто влегуваат во системите за собирање и прочистување на урбани отпадни води да бидат подложни на потребниот предтретман.
- Општината да донесе Програма за заштита од штетно дејство на водите согласно член 124 ЗВ (која треба да содржи изградба на насипи, акумулации, регулација на реки, уредување на порои, заштита на земјиште од ерозија, пошумување и сл.) и да се преземаат мерките за заштита од друго штетно дејство на водите во урбаните подрачја согласно оваа програма.
- Оперативниот план за заштита и одбрана од поплави во континуитет да се донесува од страна на општината, да се доставува до Министерство за животна средина и просторно планирање и да се спроведува истиот.
- Согласно член 133 секоја година до крајот на септември општината да изврши проценка дали водотеците на подрачјето кое е под нивна надлежност се во состојба да предизвикат поплави на земјиштето и дали обезбедуваат непречен проток на водата. Доколку водотеците не обезбедуваат непречен проток се преземат мерки од страна на општината. Општината да го определи крајбрежниот заштитен појас за водотеците за кои не е определен истиот во населените места согласно член 131 и да го уреди согласно член 132.
-Советот на општината на територијата под нејзина надлежност потребно е да ги определи границите на ерозивното подрачје и подрачјето загрозено од ерозија како и да ги утврди мерките и работите за заштита на земјиштето од ерозија и уредувањето на пороите, врз основа на техничка документација согласно член 135 од ЗВ и да ги презема мерките за заштита на ерозивни подрачја согласно член 137 од ЗВ.
-Општината потребно е да ги исполни и обврските од член 141 од ЗВ и да ги превземе мерките за уредување на пороите што се наоѓаат на нивното подрачје.
-Потребно е согласно член 143 општината да изработи, доставува и објавува извештаи за активностите реализирани во претходната година и предвидените активности за наредната година во врска со заштитата од штетното дејство на водите.
- Општината потребно е да донесе Програма за мониторинг на водите согласно член 145 став 7 од ЗВ и редовно да доставува податоци од мониторинг согласно член 156 ЗВ.
Бидејки во прашалникот е одговорено дека е извршен инспекциски надзор во областа на водите, потребно е да достави извештај за извршениот надзор.

*Во областа на бучавата*:

Општината при издавање на одобренија за градба потребно е да утврдуваат дали планските документи за објектот што се предмет за одобрение за градба ги исполниле посебните услови и мерки во врска со стандардите за заштита одбучава согласно член 23 од ЗЗБЖС, и дали води Катастар на создавачи на бучава согласно член 35 од ЗЗБЖС

- Се препорачува во општината да се овозможи учество на стручни обуки на вработените во општината кои работат во делот на заштитата на животната средина особено во делот на одобрување на елаборати за заштита на животната средина, Б-интргрирани еколошки дозволи, изготвување планови и програми за управување со отпад се со цел зајакнување на капацитетите за спроведување на законските прописи за заштита на животната средина на локално ниво, и да се вработат нови луге согласно Заклучокот на Влада од 2020 година да се систематизира работно место за животна средина, како и инспектор за животна средина и тие работни места да се пополнат,

неможе едно лице да ги врши сите работи од областа на животната средина и да биде инспектор за животна средина а распореден на работно место овластен инспектор за комунални работи.

-Во рок од 6 месеци Општина Чучер Сандево треба да го извести Министерството за животна средина и просторно планирање за превземените активности согласно утврдените недостатоци во однос на имплементацијата на надлежностите.

Скопје, 2022 година

Претседател на Комисија
Тања Кироска Филиќ____________________

Членови од Комисијата присутни на надзорот:
Ирена Николоска, ____________________
Сашко Илиќ, ____________________

Членови на комисијата кои учествуваа во извештајот:
Даниела Ристова,____________________
Даниела Наумоска, ____________________